Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Единаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 8 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

# З А П И С Н И К
# од Единаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година

Седницата започна во 11:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата м-р Беким Сали, министер за здравство и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со склучување, реализација и финансиски импликации за проектите - Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи кои произлегуваат од потпишаните меморандуми за разбирање, склучени помеѓу АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Гастрејд С.А и Дамко енерџи С.А., со Предлог-одлука

2. Информација во врска со задолжение согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Деветта седница на Влада на Република Северна Македонија, бр.41-824/1 од 30.1.2022 година, со Дополнување и предлог-одлуки

3. Информација во врска со Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр.08-136/1 од 24.1.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје и Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за јануари 2022 година бр.08-226/1 од 4.2.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје, со прилози

4. Годишна сметка за 2020 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2020 година, со Извештај од независен ревизор, со дополнување и Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2022 година

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две мали хидроцентрали на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, Кичево

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување “Студенчица“, Кичево за 2022 година

8. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

9. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари во државна сопственост без надомест, со предлог-одлуки

10. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање на финансиски средства за 2022 година, со предлог-одлуки

11. Информација за донесување на Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје за изградба на објект од јавен интерес со намена Е2-комунална супраструктура-трафостаница, со Предлог-одлука

12. Информација за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно - правобранителската функција, со Предлог-одлука

13. Информација за поведување на судска постапка пред надлежен суд во Република Косово

14. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2022 година

15. Информација со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за потпишување на Меморандум за соработка во борбата против радикализација преку интернет помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Министерството за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнавање, Министерство за одбрана - Секторот/служба за воена безбедност и разузнавање, Агенција за млади и спорт, Национална академска истражувачка мрежа (МАРнет), Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Македонски телеком А.Д. и А1 Македонија ДООЕЛ, со усогласен текст на Меморандум

16. Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за подготвување на национален план за реинтергација, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца)

17. Предлог-закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки (*), по скратена постапка

18. Предлог-закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи, по скратена постапка

19. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

20. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

21. Предлог-програма за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2022 година

22. Информација по Одлука за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/21), со Предлог-одлука

23. Информација за текот на судски спор за поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“ и бр.2 „Копришница“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки

24. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Трн, Општина Битола

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура за изградба на објект со намена Е3-депонија за неопасен отпад-троска КО Шивец, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

26. Информација за реализација на Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 во 2020 година, со Акциски план

27. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско 11/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/21), со Предлог-одлука

28. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен 10/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.230/21), со Предлог-одлука

29. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково 12/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/21), со Предлог-одлука

30. Информација за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, село Липково, Општина Липково, со Предлог-решение

31. Информација за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с.Доброшинци, Општина Василево, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мираге-Струга, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтана-Крушево, со Предлог-решение

34. Информација во врска со барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево

35. Информација во врска со барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361

36. Информација за спроведување на ИПА проектот “Поддршка во воспоставување на регионален систем за управување со отпад преку набавка на опрема и возила за собирање на отпад во Источниот и Североисточниот Регион”

37. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2022 година

38. Информација од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово-Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

39. Информација од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Подобрување на железничка пруга Коридор 10“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

40. Извештај за извршени преговори за усогласување на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата ЦАРИНА за периодот 2021-2027 година, со усогласен Договор

41. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со предлог за затворање на проектот „Купи куќа, купи стан“ во 2022 година

42. Информација со Предлог-стратегија за развој на финансиските пазари со посебен фокус на пазарот на капитал

43. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации

44. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата

45. Предлог-решенија за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање на рекреативен и за вршење на стопански риболов

46. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија

47. Информација за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Барбуловски против Северна Македонија А.бр.41449/16 и А.бр.43406/16 и Божиновска против Северна Македонија А.бр.41448/16, со Предлог-одлука

48. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Исени против Северна Македонија А.бр.63770/16 и две други апликации А.бр.34451/17 и А.бр.34500/19, со Предлог-одлука

49. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Џафер против Северна Македонија, А.бр. 4378/20, со Предлог-одлука

50. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации и Милевска А.бр.37805/19 и други и седум други апликации против Северна Македонија

51. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

52. Информација за одржувањето на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија, кој се одржа на 25 февруари 2021 година и подготовката на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот, кој ќе се одржи на 9 февруари 2022 година

53. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука за давање на согласност на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година и Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука за давање на согласност на Финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година

54. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година

55. Барање за давање на автентично толкување на член 244 ставови (1) и (3) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска

56. Иницијатива поднесена од Емилија Атанасовска-Јовановиќ од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/2021)

57. Иницијатива од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.128/21 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07)

58. Иницијатива од Петар Мирковиќ од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 62-а став 1 и став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20)

59. Иницијатива поднесена од Здружението за заштита од дискриминација-Виница, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.135/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 147 став 2 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016)

60. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.20290, за КО Штип - 5, на КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2, викано место/улица Гладно Поле

61. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.32711 за КО Прилеп на КП бр.15254/1,КП.бр 15254/6

62. Барање на согласност за склучување на Договор за размена на недвижен имот доставено од нотар Ванчо Андоновски од Скопје кое се однесува на недвижен имот со Имотен лист бр. 92957 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/2, викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист бр. 92958 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/1, викано место/улица Ѓ.Петров, со дополнување

63. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5147, за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр. 4343, викано место/улица П.Гиновски

64. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83367, за КО Куманово, на КП бр.9055/5, Имотен лист бр.83368, за КО Куманово, на КП бр.9055/7 и Имотен лист бр.83369, за КО Куманово, на КП бр.9055/4, имот на викано место/улица Ајдучка Чешма

65. Понуда од нотар Никола Кузмановски од Охрид за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.395, за КО ОХРИД-3, на КП бр.15943/4 и КП бр.15946/1 на Викано место/улица Г.Прличев

66. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67564 за КО Маџари, на КП бр.1654, дел 1, викано место/улица Д.Штипјанчето

67. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12602, за КО Нерези - вонград, на КП бр.3193, викано место/улица Бабин Дол

68. Известување И.бр.1536/2014 од извршител Ивана Нешовска за Налог за извршување врз недвижност, на КП бр.6036 запишана во Имотен лист.Бр.38257 за КО Кисела Вода 1

69. Кадровски прашања

70. Прашања и предлози

71. Годишен извештај за работата за 2020 година, Ревидиран финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2020 година и Извештај на независниот ревизор

72. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нуспроизводи од животинско потекло

73. Информација за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 1 јануари 2021 година до 15 декември 2021 година)

74. Информација за доставување на извештај за трошење на средства согласно Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

75. Информација за доставување на месечен извештај за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка, согласно Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија Бр.40-11328/1 од 9 ноември 2021 година

76. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје за периодот 1.7.2021-30.9.2021 година

77. Известувањето на ЈП Стрежево-Битола за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај - ИЗПМ, со Акциски план

78. Информација за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS-Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија-завршна информација

79. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

80. Информација за спроведување на Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, со Акциски план 2018-2020

81. Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023, со Акциски план за имплементација на стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023 (реализирано до 9.12.2021 година)

82. Информација за измена на подзаконските акти за оценка на влијанието врз животната средина и изготвување на интерсекторски упатства

83. Информација во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина” за период од февруари 2019 до ноември 2021 година

84. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2021 година

85. Информација за можните решенија за надминување на проблемот за сместување на времено и трајно одземена дрога и психотропни супстанции и прекурзори, оружје, муниција и експлозивен материјал

86. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање во 2021 година

87. Предлог-закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*)

88. Информација со Предлог-решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

89. Информација за извршените активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, во периодот август 2021 година - јануари 2022 година

90. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка

91. Информација за надзор над функционалноста на АКМИС по судовите

92. Информација за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи "Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје"

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со склучување, реализација и финансиски импликации за проектите - Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи кои произлегуваат од потпишаните Меморандуми за разбирање, склучени помеѓу АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, Гастрејд С.А и Дамко енерџи С.А., со Предлог-одлука

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со задолжение согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Деветта седница на Влада на Република Северна Македонија, бр.41-824/1 од 30.1.2022 година, со Дополнување и предлог-одлуки и притоа го донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со задолжението согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Деветтата седница на Влада на Република Северна Македонија, бр.41-824/1 од 30.1.2022 година, со Дополнување.

2. Ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во рок од 10 дена до Владата да достави информација со план за производство на дополнителни количини на електрична енергија во наредниот период (за март и после март) со цел донесување соодветни мерки за поддршка на локалната самоуправа и стопанството, имајќи го предвид фактот дека цената на оваа електрична енергија ќе биде пониска од цената на електричната енергија што се понудува на берзата за електрична енергија.

2. Се задолжува АД МЕПСО, Скопје до Владата да достави детална информација во врска со финансиската состојба (достасани обврски, исплаќање на пенали, потреба од задолжување и др.), како и за потребата од обезбедување средства за одржување на ликвидност за 2022 година, вкупно и по месеци.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр.08-136/1 од 24.1.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје и Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за јануари 2022 година бр.08-226/1 од 4.2.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје, со прилозите кон неа и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат акционерските друштва во државна сопственост кои остваруваат позитивни финансиски резултати во своето работење и располагаат со ликвидни средства, по претходно доставено барање за позајмица на АД ЕСМ во државна сопственост, да ја разгледаат можноста за одобрување на позајмицата, со рок на враќање од шест месеци, а со цел обезбедување на финансиска ликвидност поради одложеното плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија.

2. Се укажува на надлежните органи на јавните претпријатија основани од Владата да ја разгледаат можноста за ревидирање, односно намалување на одобрените инвестиции во Инвестиционите програми за 2022 година, со цел вишокот на средства остварени од работењето на јавното претпријатие кој нема да биде опфатен со инвестиционата програма да го уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија и истиот да се намени за финансиска поддршка на АД ЕСМ во државна сопственост за обезбедување на финансиска ликвидност поради одложеното плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија.

3. Се задолжуваат сите државни институции (буџетските корисници и единки корисници од централната власт), во најкраток временски рок да ги подмират заостанатите обврски за потрошена електрична енергија и во утврдените рокови да ги плаќаат фактурите за испорачана електрична енергија.

4. Се препорачува на единиците на локална самоуправа и институциите во нивна надлежност, во најкраток временски рок да ги подмират заостанатите обврски за потрошена електрична енергија и во утврдените рокови да ги плаќаат фактурите за испорачана електрична енергија.

5. Се препорачува на јавните претпријатија и АД во државна сопственост, во најкраток временски рок да ги подмират заостанатите обврски за потрошена електрична енергија и во утврдените рокови да ги плаќаат фактурите за испорачана електрична енергија.

Истовремено, Владата во врска со Предлог-заклучокот број 2 од Информацијата, препорачува на органите на управување на АД ЕСМ, во државна сопственост, Скопје да донесат соодветна одлука во однос на барањата за продолжување на рок на доспевање на фактури, и за наредната седница на Владата да достават соодветна Предлог-одлука усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка за 2020 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2020 година, со Извештај од независен ревизор, со дополнувањето, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две мали хидроцентрали на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување “Студенчица“, Кичево за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари во државна сопственост без надомест, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Инспекциски совет, во предложениот текст.
2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија-Државен инспекторат за техничка инспекција, во предложениот текст.
3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државен инспекторат за земјоделство, во предложениот текст.
4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии-Државен девизен инспекторат, во предложениот текст.
6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство-Државен санитарен и здравствен инспекторат, во предложениот текст.
7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски-Државен инспекторат за транспорт, во предложениот текст.
8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски–Државен комунален инспекторат, во предложениот текст.
9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство–Државен инспекторат за шумарство и ловство, во предложениот текст.
10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа–Државен инспекторат за локална самоуправа, во предложениот текст.
11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за животна средина и просторно планирање–Државен инспекторат за животна средина, во предложениот текст.
12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука–Државен просветен инспекторат, во предложениот текст.
13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда-Инспекторат за употреба на јазиците, во предложениот текст.
14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски–Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.
15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот архив на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање на финансиски средства за 2022 година, со предлог-одлуки (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја даде Изјавата за преземање на нов влог, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5 Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје за изградба на објект од јавен интерес со намена Е2-комунална супраструктура-трафостаница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на бројот на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно правобранителската функција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за поведување на судска постапка пред надлежен суд во Република Косово и ја усвои Информацијата за ангажирање на адвокатска канцеларија за поведување на судска постапка пред надлежен суд во Република Косово од страна на Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија како тужител, против правното лице НТП Нера а петрол од Урошевац, Република Косово, како тужен, за стекнување без основ, со следните заклучоци:

1. Се овластува адвокат Илир Гаши за прием на сите писмена и за застапување и преземање на дејствија во име и за сметка на Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија, во судската постапка пред надлежен суд во Република Косово против правното лице НТП Нера а петрол од Урошевац, Република Косово, како тужен.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија да обезбеди финансиски средства за исплата на овластениот адвокат и трошоците по постапката.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија да склучи договор за услуги со адвокат Илир Гаши од Република Косово.

4. Се задолжува Државниот правобранител на Република Северна Македонија да издаде овластување за адвокат Илир Гаши од Република Косово.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на иницијативата за потпишување на Меморандум за соработка во борбата против радикализација преку интернет помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Министерството за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнавање, Министерство за одбрана - Секторот/служба за воена безбедност и разузнавање, Агенција за млади и спорт, Национална академска истражувачка мрежа (МАРнет), Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Македонски телеком А.Д и А1 Македонија ДООЕЛ, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во борбата против радикализација преку интернет помеѓу Владата на Република Северна Македонија - Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Министерството за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнување, Министерство за одбрана, Агенција за млади и спорт, Национална академска истражувачка мрежа (МАРнет), Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Македонски телеком АД и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

2. Се овластува Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам да го потпише Меморандумот за соработка во борбата против радикализација преку интернет помеѓу Владата на Република Северна Македонија - Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Министерството за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнување, Министерство за одбрана, Агенција за млади и спорт, Национална академска истражувачка мрежа (МАРнет), Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Македонски телеком АД и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за одбрана и Агенцијата за млади и спорт, а се укажува на Националната академска истражувачка мрежа (МАРнет) и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација да номинираат лице од своите институции кое ќе биде овластено да го потпише Меморандумот за соработка во борбата против радикализација преку интернет помеѓу Владата на Република Северна Македонија - Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Министерството за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнување, Министерство за одбрана, Агенција за млади и спорт, Национална академска истражувачка мрежа (МАРнет), Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Македонски телеком АД и А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-решението за изменување на Решението за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за подготвување на национален план за реинтергација, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 17**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки (*), по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Зоран Глигоров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, потребно е Министерството за финансии да ги достави кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија до Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јане Новачков, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 19**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по Одлука за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/21), со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на судски спор за поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“ и бр.2 „Копришница“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја информира Владата за одлуките на Виш управен суд во рок од седум дена од денот на приемот на одлуките со предлог за понатамошно постапување.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да се вклучи во понатамошната постапка.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Трн, Општина Битола, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Трн, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура за изградба на објект со намена Е3-депонија за неопасен отпад-троска КО Шивец, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура за изградба на објект со намена Е3-депонија за неопасен отпад-троска КО Шивец, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 во 2020 година, со Акциски план, ја усвои и ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за локална самоуправа, и им се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, да достават извештај до Министерството за економија за реализирани мерки и активности во 2021 година од Акцискиот план на „Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023", најдоцна до 31.3.2022 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Вирови" с.Подлес, Општина Градско 11/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.243/21), со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 11/2021, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 243/21.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-дијабаз на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Дијабаз Карамата ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Кадиица", Општина Ресен 10/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.230/21), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1 Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Кадиица", Општина Ресен 10/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.230/21.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-глина на Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово, на локалитетот „Кадиица", Општина Ресен, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково 12/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/21), со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Думановце“, Општина Липково 12/2021, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.243/21.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Сива стоне ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, на локалитетот „Думановце“, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, село Липково, Општина Липково, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, с.Липково, Општина Липково, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да номинира член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, с.Липково, Општина Липково.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с.Доброшинци, Општина Василево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с.Доброшинци, Општина Василево, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да номинира член и заменик - член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“, с.Доброшинци, Општина Василево.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мираге-Струга (со седиште на ул. Партизанска бб - Струга, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтана-Крушево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс бр.2 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14.4.2022 година.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 13.6.2022 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр. 2 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 заведен под бр. 11-2436/1 од 11.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 17.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, најмалку до 15.12.2022 година.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот "Поддршка во воспоставување на регионален систем за управување со отпад преку набавка на опрема и возила за собирање на отпад во Источниот и Североисточниот Регион" (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување договори, доколку контракторот не е во можност да ги отстрани дефектите до истекот на гарантниот период, да пристапи кон примена на соодветни договорни мерки, како што се активирање на гаранција за извршување на договорот поради не почитување на пропишаните договорни обврски од страна на изведувачот.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2022 година.

2.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија ДООЕЛ за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2022 година.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово-Бељаковце", финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува на Министерството за транспорт и врски реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово-Бељаковце", финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди потребните финансиски средства за плаќање на презамените обврски, во рамките на максимално утврдените лимити за расходи за 2023 година и 2024 година.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата од потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Подобрување на железничка пруга Коридор 10“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на независка ревизорска куќа, за потребите на Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди потребните средства за плаќање на преземените обврски, во рамките на максимално утврдените лимити за расходи за 2023 година.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори за усогласување на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата ЦАРИНА за периодот 2021-2027 година, со усогласен Договор и го прифати Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата Царина за периодот 2021-2027 година.

2. Го определи министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата Царина за периодот 2021-2027 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од 30 дена да достави допис до Директоратот за соседство и преговори за проширување на Европската комисија за добивање информации за можноста и висината на ИПА учеството во вкупниот финансиски придонес за Програмата на Унијата Царина за периодот 2021-2027 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го информира Министерството за финансии-Царинска управа за висината на ИПА учеството во вкупниот финансиски придонес за Програмата на Унијата Царина за периодот 2021-2027 година, во рок од три дена по добивањето на информациите за начинот на финансирање од страна на Директоратот за соседство и преговори за проширување на Европската комисија.

5. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа навремено да го планира во својот буџет вкупниот износ на годишниот финансискиот придонес (entry ticket) за учеството на Република Северна Македонија во Програмата на Унијата Царина за периодот 2021-2027 година.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со предлог за затворање на проектот „Купи куќа - купи стан“ во 2022 година поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-стратегија за развој на финансиските пазари со посебен фокус на пазарот на капитал и ја усвои Информацијата како и Стратегијата за развој на финансиските пазари со посебен фокус на пазарот на капитал, како оперативен стратешки документ.

**Точка 43**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ги донесе најновите текстови на:

1. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“,

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“,

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“,

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“,

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“,

6. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“,

7. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“,

8. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“,

9. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“,

10. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовната зона „Даљан“,

11. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“ и

12. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“, во предложените текстови.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен д-р Никола Тупанчески, министер за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за правда.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Барбуловски против Северна Македонија А.бр.41449/16 и А.бр.43406/16 и Божиновска против Северна Македонија А.бр.41448/16, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст, во вкупен износ од 2.610 евра, кои треба да бидат исплатени по одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Барбуловски против Северна Македонија А.бр.41449/16 и А.бр.43406/16 и Божиновска против Северна Македонија А.бр.41448/16, најдоцна до 8 февруари 2022 година.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Исени против Северна Македонија А.бр.63770/16 и две други апликации А.бр.34451/17 и А.бр.34500/19, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст, во вкупен износ од 2.430 евра кои треба да бидат исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Исени против Северна Македонија А.бр.63770/16 и две други апликации А.бр.34451/17 и А.бр.34500/19, најдоцна до 16 февруари 2022 година.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Џафер против Северна Македонија, А.бр. 4378/20, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 12.000 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Џафер против Северна Македонија А.бр. 4378/20, најдоцна до 2 март 2022 година).

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации и Милевска А.бр.37805/19 и други и седум други апликации против Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации и Милевска А.бр.37805/19 и други и седум други апликации против Северна Македонија.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантите од предметите Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации и Милевска А.бр.37805/19 и други и седум други апликации против Северна Македонија, ќе и исплати вкупен износ од 84.000 евра во денарска противвредност, или поединечно на секој апликант износот наведен во табелите составен дел на Информацијата.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации и Милевска А.бр.37805/19 и други и седум други апликации против Северна Македонија, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 51**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година за наредната седница на Владата, откако материјалот ќе се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 52**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за одржувањето на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија кој се одржа на 25 февруари 2021 година и подготовката на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот кој ќе се одржи на 9 февруари 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува Ардиана Абази - Рамадани, државен советник во Министерството за економија, за копретседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 8.2.2022 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на работните тела на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 8.2.2022 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука за давање на согласност на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година и Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука за давање на согласност на Финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно одредбите од член 7 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/19 бр.48/20), за вршење на работите од областа на воздухопловството утврдени со овој закон се основа Агенција за цивилно воздухопловство која е независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со овој закон.

Согласно член 7-а став (2), Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Во таа насока, а врз основа на член 13 став (1) од Законот за воздухопловство Предлог годишната програма за работа и развој и предлог годишниот финансиски план, Агенцијата ги доставува на согласност до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на декември секоја година, а според ставот (2) од истиот член, Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план од ставот (1) на овој член ги донесува Управниот одбор по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на јануари секоја година.

Оттука, укажуваме дека доставувањето на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година и Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година е во функција на реализација на горенаведениот член од Законот.

Предлог годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година ги содржи основните цели и активности на Агенцијата за 2022 година.

Согласно Предлог годишниот финансиски план, приходите на Агенцијата за 2022 година, се планирани на ниво од 198.490.000,00 денари и на истиот износ се планирани и расходите на Агенцијата за 2022 година. Планираните приходи за 2022 година се зголемени за 7,5% во однос на планираните приходи за 2021 година и за истиот процент се зголемени и планираните расходи за 2022 година во однос на планираните за 2021 година. Притоа, зголемување има кај следните расходи: нематеријални средства и останати права, постројки и опрема, алат, канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, услуги за одржување и заштита, наем-лизинг, останати услуги, трошоци за амортизација, дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци, надомест на трошоци на вработени, трошоци за членови на Управен одбор, трошоци за осигурување и членарини и други давачки, а е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Врз основа на претходнонаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Предлог годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година и Предлог годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.

По однос на текстот на Предлог- одлуката за давање согласност на Предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијага за цивилно воздухопловство за 2022 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година, од формално-правен аспект укажуваме на потребата од редакциско подобрување.

## Точка 54

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Финансискиот план е изготвен и доставен до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 31/20), според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија финансиски план за наредната година.

Со Финансискиот план за 2022 година вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата се планирани во ист обем, односно во износ од 95.090.602 денари. Планираните приходи за 2022 година се за 6,01% пониски во однос на планираните приходи за 2021 година, што се должи на намалувањето на бруто полисираните премии и приходот од провизии, како резултат од последиците од ковид-19 врз осигурителниот сектор.

Структурната и споредбена анализа на планираното за 2022 година со планираното во 2021 година покажува позначителни зголемувања кај расходните позиции: потрошни материјали која бележи зголемување за 4,64% заради зголемување на цената на горивото, кај позицијата наемнини се планира зголемување за 23,08% заради завршување на договорот за оперативен лизинг, како и позицијата надоместоци за трошоци за работници која е повисока за 13,35% како резултат на зголемување на закупнина на стан и трошоци за комунални услуги.

Со оглед на тоа што расходите на Агенцијата за 2022 година се планирани во рамки на планираните приходи, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година.

Притоа, со оглед дека на расходната страна, Агенцијата планира износ од 95.090.602 денари, што претставува намалување во однос на планираните расходи за 2021 година и најзначајна ставка се планираните расходи за бруго плати во износ од 49.200.000 денари, а најголемо зголемување од 23% отпаѓа на планираната набавка на моторно возило со оперативен лизинг се укажува на преоценување на потребата од конкретната набавка.

## Точка 55

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 244 ставови (1) и (3) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска и притоа го утврди следното мислење:

Пратеничката Ане Лешкоска со барање за автентично толкување на член 244 ставови (1) и (3) од Законот за кривичната постапка се обратила до Собранието на Република Северна Македонија, надлежен орган кој согласно член 68 став 1 алинејата 2 од Уставот на Република Северна Македонија „донесува закони и дава автентично толкување на законите“. Прашањето се однесува на статусот на техничките советници и можноста за нивен ангажман и ограничување, согласно Законот за кривичната постапка.

Во поимникот во членот 21 од Законот за кривичната постапка техничките советници се определени како „стручни лица од регистарот на вештаци кои странките ги ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област. “

Воедно, во Главата XVIII ДОКАЗНИ СРЕДСТВА во поглавјето 4. Вештачење - детално се уредуваат прашањата кои се однесуваат на вештачењето во кривичната постапка. Одредбата од член 244 ставот (1) од Законот за кривичната постапка јасно уредува кога се именуваат техничките советници: „(1) јавниот обвинител, како и обвинетиот и неговиот бранител имаат право да именуваат технички советници по правило од регистарот на вештаци, чиј број не може да биде поголем од двајца со цел да им помогнат во собирањето на податоци за стручни прашања или оспорување на вештачењето“.

Со ставот (3) од овој член се определува дека „За технички советник не може да биде именувано лице кое согласно со членот 238 од овој закон не може да биде вештак“. Оваа одредба јасно упатува на членот 238 од Законот кој се однесува на изземањето на вештак и укажува дека одредбите и условите за изземање за вештаците се однесуваат и при именувањето на техничките советници.

Имено, одредбата од ставот (3) укажува дека за технички советник не може да се именува лице кое не може да биде сослушувано како сведок (член 213) или лице кое е ослободено од должноста да сведочи (член 214), лице кое е испитано како сведок, како и лице спрема кое е сторено кривичното дело, а ако е земено, врз неговиот наод и мислење не може да се заснова судската одлука. Причина за изземање на техничкиот советник постои и во однос на лице кое заедно со обвинетиот или со оштетениот е во работен однос во ист орган или друго правно лице, како и во однос на лице кое е во работен однос кај оштетениот или обвинетиот. Кога е дозволена посебна жалба против решението со кое се одбива барањето за изземање, жалбата го одлага извршувањето на вештачењето доколку не постои опасност од одлагање.

Со одредбата од ставот (3) всушност се гарантираат начелата на постапката, правото на правично судење, објективноста и законитоста на доказите, со што се обезбедува правна сигурност за граѓаните.

Во однос на прашањето за вештаците и лицата кои се запишани во Регистарот на вештаци, со Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18) се определуваат следниве поими:

- „Вештак“ е лице кое има лиценца за вештачење од соодветна област и е запишан во „Регистарот на вештаци“ - јавна книга во која се евидентираат лицата на кои им се издава, одзема, продолжува или им престанува лиценцата за вештачење од соодветната област;
- „Лиценца за вештачење“ е документ издаден од Министерството за правда со кој се потврдува дека лицето може да врши вештачење од соодветната област;
- Стручен испит е испит кој се спроведува заради оценување на потребното стручно знаење на лицето кое ги исполнува условите од членот 9 од Законот за вештачење за полагање на стручниот испит, заради стекнување со уверение за положен стручен испит.

Министерството за правда врз основа на барање на лицето кое положило стручен испит му издава лиценца за вештачење со важност во траење од пет години, која може да се продолжи согласно законските услови.

Врз основа на поднесено барање, со лиценца за вештачење без полагање може да се стекнат и други лица (доктори на науки, магистри, занаетчии, лице вработено во орган на државна управа и стручна установа) кои ги исполнуваат условите од членот 20 од Законот за вештачење. И овие лица откако ќе се стекнат со лиценцата се запишуваат во Регистарот на вештаци.

Согласно членот 5 од Законот за вештачење, вештачењето може да го вршат:

- високобразовна установа, научна установа и стручна установа врз основа на овластувања утврдени со закон доколку имаат најмалку две лица со лиценца за вештачење;
- трговец поединец-вештак основано согласно со Законот за трговските друштва кое ги исполнува условите од законот и има вработено најмалку едно лице со лиценца за вештачење, и
- трговско друштво кое е регистрирано во согласност со Законот за трговските друштва и врши вештачење согласно со овој закон и има вработено најмалку две лица со лиценца за вештачење.

За потребите на органите на државната управа, јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост вештачење врши Бирото за судски вештачења. Доколку во Република Северна Македонија нема вештак или установа од определена област и во други случаи определени со закон вештачење може да врши странски вештак или странска стручна институција според законите на државата во која се регистрирани и ги исполнуваат условите за вршење на вештачење.

Оттука, услов за именување на техничкиот советник е тој да биде од Регистарот на вештаци, но да не спаѓа во лицата кои согласно Законот за кривичната постапка мора да бидат изземени (одредби за изземање на вештак).

Владата на Република Северна Македонија, согласно наведеното смета дека одредбите од членот 244 ставовите (1) и (3) од Законот за кривичната постапка се јасни и не создаваат правна несигурност и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување член 244 ставови (1) и (3) од Законот за кривичната постапка.

**Точка 56**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата поднесена од Емилија Атанасовска-Јовановиќ од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/2021), за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии да подготви и достави мислење во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Иницијативата од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.128/21 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе одлука во итна постапка за уставноста на член 16 став (1) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), поради негова погрешна практична примена и од причина што истиот, според наводите на подносителот, не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 1, 3, 6 и 8, член 9 и член 41 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наведеното во Иницијативата, со член 1 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

Според член 10 став 1 од Законот за даноците на имот, каде се регулира и објаснува дека данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците, односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.

Дополнително, во членот 16 од Законот за даноците на имот се регулирани даночните стапки според кој се пресметува и наплаќа данокот за наследство и подарок на недвижен имот и тоа на начин што:

(1) Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

(2) Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 2% до 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 4% до 5%.

(3) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува Советот на општината.

(4) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, согласно Законот за Градот Скопје.

Според член 8 став 1 алинеи 1, 3, 6 и 8 од Уставот на Република Северна Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија ги уредува: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право, владеењето на правото, правната заштита на сопственоста; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Според член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 41 се уредува дека право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца. Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика.

Во контекст на горенаведеното, укажуваме на тоа дека по однос на владеењето на правото како темелна вредност прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за даноците на имот е донесен во потполна усогласеност со Уставот на Република Северна Македонија, како и на тоа дека со донесување на Законот за даноците на имот создаден е механизам кој има за примарна цел да ја подобри фискална дисциплина на општините и општинската администрација кои се инволвирани во процесот на децентрализација на власта. Сето ова влијае во насока на спречување на избегнување на плаќањето на даноците на имот во сиот свој опфат, а во заштита на граѓаните и сите физички и правни лица кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски. Ова, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Имено, имајќи го горенаведеното предвид, треба да се погледнат и одредбите од Законот за наследување („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/96), односно член 13 и член 16.

Според член 13 од Законот за наследување оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар. Тие наследуваат еднакви делови. Меѓутоа, во случај кога брачниот другар и оставителот немаат потомци, се применува член 16 од Законот, според кој оставината на умрениот кој не оставил потомци ја наследуваат неговите родители и неговиот брачен другар. Родителите на умрениот наследуваат една половина од оставината на еднакви делови, а втората половина ја наследува брачниот другар на умрениот. Ако по умрениот не останал брачен другар, родителите на умрениот ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Согласно горенаведеното, потенцираме дека Законот за даноците на имот, како Закон кој е во надлежност и над кој надзор врши Министерството за финансии, истиот не врши дискриминација по ниту еден основ наведен во Уставот на Република Северна Македонија.

Дополнително Законот за даноците на имот, како што е истакнато и погоре, ја уредува даночна област, а и воедно изворниот, сопствен, приход на единиците на локалната самоуправа, утврдено и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, па така се од претходно наведеното е во насока на почитување на член 114 од Уставот со кој на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а истите се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Одредбите од Законот за даноците на имот, кои се однесуваат на делот на даноците на наследство и подарок, кои се креирани и се имплементираат согласно одредбите на Законот за наследување, повторно, не се во спротивност на темелните вредности на Уставниот поредок. Имено, оспорената одредба во никој случај не задира и не ги прекршува основите човекови права утврдени со Уставот и меѓународното право.

Одредбата која го прецизира начинот на плаќањето на овој вид на данок, даночните стапки и даночната обврска, дополнително и одат во насока на почитување на владеењето на правото и заштита на сопственоста, ако се има предвид и основата на самиот закон кој е и самата сопственост.

Воедно треба да се потенцира и членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија согласно кој секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Врз основа на ваква правна и фактичка состојба, потполно е јасно дека Законот за даноците на имот, не ја оспорува еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и солидарноста. Ова дотолку што наследните редови се примарно и единствено утврдени во Законот за наследување, а Законот за даноците на имот не навлегува во уредувањето на споменатата материја, односно регулира исклучиво даночна материја.

Според горенаведено, јасна е оправданоста за постоење на одредбата од член 16 од Законот за даноците на имот, па оттука Владата на Република Северна Македонија укажува на тоа дека Законот за даноците на имот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата како неоснована.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата од Петар Мирковиќ од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 62-а став 1 и став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 62-а ставови (1) и (2) од Законот за градење во делот “од издавањето на одобрението за градење“, од причини што оспорените одредби биле во спротивност со член 8 алинеи 3 и 6 и член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи ваквото решение било на штета на граѓаните во остварување на своите права и заштита на правните интереси и истото било во спротивност со основните начела на Законот за општа управна постапка и ја намалувала заштитата на правата и правните интереси на странката загарантирана со овој закон.

Согласно член 8 алинеи 3 и 6 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија меѓу другите темелни вредности се утврдени владеењето на правото и правната заштита на сопственоста.

Според член 15 од Уставот, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, а правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Согласно член 62-а став (1) од Законот за градење, надлежниот орган што го донел одобрението за градење е должен во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење да ги извести непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, за издаденото одобрение за градење и дека во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата.

Според став (2) од истиот член, доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Согласно членот 2 став (2) од Закон за општа управна постапка, со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон.

Во член 14 став (2) од Законот е утврдено дека против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со закон, а согласно членот 106 став (1) од истиот закон, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Во членот 104 став (1) од Законот, е утврдено дека странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси.

Според подносителот на Иницијативата, од оспорените одредби на членот 62-а ставови (1) и (2) од Законот за градење, јасно произлегувала обврска на надлежниот орган кој го донел одобрението за градење во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење да ги извести непосредните соседи на градежната парцела за донесено одобрение за градење, кои во рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата, од причини што соседот не бил запознаен дека се води управна постапка. При ваква констелација на состојбата невозможно било да се испочитува дадениот рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението за градење за вложување на жалба, а во одредени случаи не се почитувал рокот за доставување на известување.

Согласно претходно наведеното се сметаме дека се неосновани наводите за противуставност на оспорените одредби на член 62-а ставови (1) и (2) од Законот за градење, во делот “од издавањето на одобрението за градење“, во смисла дека се ограничува владеењето на правото и правната заштита на сопственоста, туку напротив со истите се има за цел да се овозможи правна заштита на сите засегнати страни на кои би имала влијание идната градба, односно целта на законодавецот била да се обезбеди заштита на правните интереси на непосредните соседи, кои и покрај тоа што не биле учесници во постапката за издавање на одобрение за градење, имаат можност да извршат увид во предметот и доколку сметаат дека одобрението за градење е издадено спротивно на законските одредби да поднесат жалба во рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението за градење.

Имено, ваквата законска одредба не ја ограничува заштитата на сопственоста и загарантираното право на жалба, туку напротив има за цел да ги спречи можните пропусти или злоупотреби од страна на надлежниот орган што го донел одобрението за градење.

По однос на начинот за доставување на известувањето од членот 62-а став (1) од Законот за градење, се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, од што произлегува дека за да тече рокот за увид во документацијата и поднесување на жалба треба доставата да е уредна, односно да постои доказ дека непосредниот сосед е уредно известен во рок од три дена од донесувањето на одобрението за градење, а во спротивно се смета дека доставата не е уредна и не тече рокот за увид во документацијата и поднесување на жалба. Секоја странка која смета дека и се повредени правните интереси со управно дејствие од страна на првостепениот орган, согласно членот 104 став (1) од Законот за општа управна постапка има право да поднесе жалба до второстепениот орган, кој утврдува дали погрешно е применета определена законска одредба од материјалниот закон на штета на странката.

При што, во никој случај не може да стане збор за спротивставеност на оспорените одредби од Законот за градење со претходно наведените одредби од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека со Законот за градење како посебен закон се предвидува право на жалба против одобрение за градење од страна на непосредни соседи на градежната парцела за која е издадено одобрение за градење, со што е овозможена заштита на правата и правните интереси на наведените лица, а начинот и роковите за постапување од страна на надлежниот орган и непосредните соседи во врска со доставувањето на известување и жалба се уредени во членот 62-а од Законот, што е во согласност со членот 2 став (2) од Законот за општа управна постапка.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите од членот 62-а ставови (1) и (2) од Законот за градење се во согласност со член 8 алинеи 3 и 6 и член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 62-а став (1) и став (2) од Законот за градење, во делот „од издавањето на одобрението за градење“.

## Точка 59

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението за заштита од дискриминација-Виница, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.135/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 147 став 2 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека одредбата од член 147 став (2) од Законот за нотаријатот, според кој при расправање на оставината задолжително е присуство на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците е спротивна на одредбата од членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот на Уставната иницијатива наведува дека одредбата од членот 147 став (2) од Законот за нотаријатот е спротивна и на членот 14 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, затоа што на законските наследници им го ограничува правото слободно да располагаат и да одлучуваат дали при расправањето на оставината во која граѓанинот како учесник во постапката има потреба од адвокат како полномошник или воопшто не му е потребно, поради што предлагаат Уставниот суд наведената одредба од Законот за нотаријатот да ја укине.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата укажува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе одлучуваше за истата норма во 2017 година.

Притоа на седницата одржана на 5 јули 2017 година, со Решение У.бр.141/2016 одлучи да не поведува постапка за оценување на уставноста на член 147 став (2) од Законот за нотаријатот, бидејќи истиот не е во спротивност со Уставот, односно Уставниот суд присуството на адвокатите во постапката пред нотар оценил дека е во интерес на граѓаните и заштитата на нивните права, при што во образложението утврдил дека: „Во вршењето на јавното овластување, државата го задржува правото да врши надзор над законитоста на работењето на субјектите на кого му е доверено тоа овластување.

Според тоа, законодавецот поаѓајќи од уставните овластувања во смисла на член 53 од Уставот со цел заштита на правата на граѓаните и овластувањата, адвокатите чија дејност е независна јавна служба, да обезбедуваат правна помош и да вршат јавни овластувања во согласност со закон.

Оттука, не може да се прифати тврдењето во иницијативата дека оспорениот член 147 став 2 од Законот е во спротивност со Уставот на Република Македонија, бидејќи со ваквото законско решение се овозможува поефикасно, поекономично и побрзо преземање на потребни дејствија во текот на оставинската постапка пред нотарот“.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 147 став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), од причина што Уставниот суд веќе одлучувал за истата работа.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.20290, за КО Штип - 5, на КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2, викано место/улица Гладно Поле и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.32711 за КО Прилеп на КП бр.15254/1, КП.бр 15254/6 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата го разгледа Барањето на согласност за склучување на Договор за размена на недвижен имот доставено од нотар Ванчо Андоновски од Скопје кое се однесува на недвижен имот со Имотен лист бр. 92957 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/2, викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист бр. 92958 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/1, викано место/улица Ѓ.Петров, со дополнување и по Барањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5147, за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр. 4343, викано место/улица П.Гиновски и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата по Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83367, за КО Куманово, на КП бр.9055/5, Имотен лист бр.83368, за КО Куманово, на КП бр.9055/7 и Имотен лист бр.83369, за КО Куманово, на КП бр.9055/4, имот на викано место/улица Ајдучка Чешма го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Кузмановски од Охрид за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.395, за КО ОХРИД-3, на КП бр.15943/4 и КП бр.15946/1 на викано место/улица Г.Прличев, и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67564 за КО Маџари, на КП бр.1654, дел 1, викано место/улица Д.Штипјанчето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12602, за КО Нерези - Вонград, на КП бр.3193, викано место/улица Бабин Дол и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 68**

Владата го разгледа Известувањето И.бр.1536/2014 од извршител Ивана Нешовска за Налог за извршување врз недвижност, на КП бр.6036 запишана во Имотен лист.Бр.38257 за КО Кисела Вода 1, и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

1. Владата го разреши Неџат Алији од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје.

2. Владата ја разреши Ермира Фида од должноста член на Управниот одбор на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, на нејзино барање.

2.1 Владата ја именува Билјана Бутлевска, за член на Управниот одбор на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, претставник од Министерството за финансии.

3. Владата ја разреши Магдалена Симоновска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на нејзино барање.

3.1 Владата ја именува Ермира Фида за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на предлог на министерот за финансии.

4. Владата го разреши Михајло Илиевски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, поради истек на мандатот.

4.1 Владата за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, го именува Михајло Илиевски.

5. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, ги разреши:

- Егзона Јашари и
- Татјана Укајдари

5.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“-Скопје, ги именува:

- Фикрет Исени и
- Татјана Укајдари

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“ - во Скопје, поради истек на мандат ги разреши:

- Марија Каевска и
- Игор Гошевски

6.1 Владата за членови на Управниот одбор– претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“ - во Скопје, ги именува:

- Марија Каевска и
- Марко Спиркоски

7. Владата ја разреши Илинка Кољозова од должноста член на Управниот одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот, поради истек на мандатот.

7.1 Владата ја именува Илинка Кољозова за член на Управниот одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

8. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Перса Наумовска
- Мирче Јанев

8.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, ги именува:

- Перса Наумовска
- Мирче Јанев

9. Владата од должноста претседател и членови на Советот за македонски јазик, поради истек на мандатот, ги разреши:

а) од претседател:
- -проф. д-р Људмил Спасов

б) од членови:
- проф. д-р Емилија Црвенковска
- проф. д-р Елена Јованова-Грујовска
- проф. д-р Елизабета Бандиловска
- проф. д-р Славица Србиновска
- проф. д-р Марија Паунова
- проф. д-р Снежана Велковска
- Сашо Димоски
- проф. д-р Соња Новотни

9.1Владата за претседател и членови на Советот за македонски јазик, ги именува:

а) за претседател:
- Људмил Спасов

б) за членови:
- Елена Јованова-Грујовска
- Елизабета Бандиловска
- Виолета Јанушева
- Лидија Аризановска
- Снежана Велковска
- Елизабета Кузмановска
- Симон Саздов
- Искра Пановска Димкова

10. Владата го именува Абдулфетах Салифоски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје.

11. Владата го именува Мирсад Ибрахими за член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

12. Владата ја разреши Марија Ѓоргиевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Демир Хисар.

12. 1. Владата го именува Благоја Долевски за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Демир Хисар.

13. Владата го именува Сашо Дуковски за член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија.

14. Владата го разреши Дарко Блажевски од должноста вршител на должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, на негово барање.

15. Владата на Татјана Лалчевска разрешена од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 9 месеци, сметано од 1 февруари 2022 година до 1 октомври 2022 година.

16. Владата на Сенад Амети разрешен од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, му утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 9 месеци, сметано од 28 јануари 2022 година до 28 октомври 2022 година.

17. Владата ја именува Елена Гарванлиева за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.

18. Владата ја разреши Маја Милосавлевиќ од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје, поради истек на мандатот.

18.1 Владата ја именува Маја Милосавлевиќ за член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

19. Владата го разреши Дејан Колев од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци “ во Штип, поради истек на мандатот.

19.1 Владата го именува Дејан Колев за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом„Браќа Миладиновци “ во Штип.

20. Владата го разреши Коста Хардалов од должноста член на Управен одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани, на негово барање.

21. Владата ја именува Наташа Талевска за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола, сметано од 14 февруари 2022 година и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата на Костантин Тодоровски, му утврди престанок на функцијата вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола, поради исполнување на услови за стекнување на право на старосна пензија, заклучно со 13 февруари 2022 година.

23. Владата го избра Неџат Алији за независен член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

24. Владата заклучи дадената согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр.02-4377/1 од 19 ноември 2020 година, со која за директор на Фондот е именувана Билјана Јовановска, да престане да важи заклучно со 8 февруари 2022 година.

25. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија за вршител на должноста директор на Фондот да го именува Дритан Беџети.

**Точка 70**

**1.** Владата по Дописот од Собранието на Република Северна Македонија до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за потврдување на предлози на закони, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав на Владата, под бр.08-278/2 од 24.1.2022 година, ги задолжи сите министерства, согласно табеларните прегледи дадени во прилог, во рок од два дена да се произнесат и да го известат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во врска со Дописот, со цел на наредната седница да се утврди дали и за кои материјали Владата останува на доставените предлози на закони, акти и други материјали доставени од претходната Влада до Собранието на Република Северна Македонија, со предлози за повереници по истите, како и доставените мислења по одредени предлози на закони, акти и други материјали.

Исто така, Министерството за култура да се изјасни по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права(*).

**2.** Владата ја донесе Уредбата за организацијата и функционирањето - воспоставувањето на единствениот комуникациско - информативен систем со единствен број на повик - јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, (Е-112), во предложениот текст.

**3.** Владата заклучи министерот за правда, да ги извести директорите на казнено - поправните установи во Република Северна Македонија, средствата што се предвидени во нивните буџети за исплата на долгот кон Министерството за внатрешни работи, да ги префрлат на сметката на Министерството за внатрешни работи.

**4.** Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направи скрининг за висината на бодот на јавните претпријатија со водостопанска дејност и за истото да ја информира Владата за најниската и највисоката исплатена плата, бројот на бодови и висината на истите (минимум и максимум), надоместоци на членови на управни и надзорни одбори, како и менаџерски договори за тие кои ги имаат за секое претпријатие.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 јануари 2022 година до 2 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 25 јануари 2022 година до 31 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата по Информацијата за подготовка на нов Предлог-закон за развојна соработка и хуманитарна помош, ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Секретаријатот за европски прашања, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, а му препорача на Црвен крст на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да номинираат по двајца претставници (член и заменик - член) за учество во работната група за подготовка на Предлог-закон за развојна соработка и хуманитарна помош.

**8.** Владата заклучи Заклучокот под бр.2, од Точка 86 од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2022 година „Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка - Основен буџет)“, кој гласи: „Се задолжува Министерството за финансии да побара од Државниот завод за ревизија, ревизија за успешност на активните мерки за вработување и проектите за самовработување за 2020 и 2021 година.“, да се измени и да гласи: „Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да побара од Државниот завод за ревизија, ревизија за успешност на активните мерки за вработување и проектите за самовработување за 2020 и 2021 година.

**9.** Владата го разгледа Барањето за донесување одлука за престанок и за давање право на трајно користење недвижни ствари во корист на Универзитетот во Тетово, со Предлог-одлука и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање право на трајно користење недвижни ствари во корист на Универзитетот во Тетово доколку Управата за имотно - правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности достават позитивно мислење по истата.

Исто така, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 29 јануари 2022 година до 4 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 31 јануари 2022 година до 6 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Ден на единствениот број на повик-јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е-112, во предложениот текст.

**13.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со хидросистемот „Дојранско Езеро“, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да го исклучи од работа ХС Дојранско Езеро и да го запре надополнувањето на Дојранско Езеро со вода од бунарското подрачје.

**14.** Владата заклучи сите министерства најитно, во рамките на своите надлежности да извршат проверка на законите, кои требало да се достават во владина постапка во периодот 1.7.2021-31.12.2021 година и доколку истите не се доставени до Владата да се достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, ревидирани рокови за нивно доставување и истото да биде инкорпорирано во Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

Согласно добиените известувања од министерствата, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја подготви Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година, која да се разгледа на наредната седница на Владата.

**15.** Владата се информираше со Одобрението за застрел на дивеч за одгледувачки цели и за подобрувањето на генетската структура и популацијата на дивечот на ловиштата, со кои управува ЈПУЗПП „Јасен“, за 2021 година по вид и број на дивеч, и тоа:

- Дивојарец (Rupicapra rupicapra L)-3 единки и
- Дивокоза (Rupicapra rupicapra L)-2 единки.

Согласно закон, со одобрението се определува и начинот на вршење на ловењето.

**16.** Владата во врска со настанот ЕКСПО 2020 ДУБАИ што ќе се одржи од 19 до 25 февруари 2022 година во Дубаи, заклучи:

1) Не ја прифати листата со предложените претставници од државните институции за присуство на истиот.

2) Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Кабинетот на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби да утврдат нова листа со состав на делегација на Република Северна Македонија која да присуствува на настанот, а доколку има направени трошоци од некои лица од институциите кои нема да бидат во состав на Делегацијата, да ги подмират истите од лични средства.

3) Секоја институција која ќе присуствува на овој настан да ги покрие своите и трошоците за своите претставници, а Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да биде вклучена само во делот на организацијата.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да организира и обезбеди сместување и превоз на Делегацијата од Република Северна Македонија што ќе учествува на ЕКСПО 2020 ДУБАИ во периодот од 19 до 25 февруари 2022 година со спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас, согласно член 55 став 1 точка г од Законот за јавни набавки.

5) Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас, согласно член 55 став 1 точка г од Законот за јавни набавки.

## Точка 71

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата за 2020 година, Ревидираниот финансиски извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2020 година и Извештајот на независниот ревизор, како материјал за информирање, при што да се има предвид усното укажување на Министерството за финансии, (во смисла предлагачот да постапи по забелешките дадени од независниот ревизор и да ја информира Владата по однос на презмените мерки и активности за отстранување на констатираните недостатоци, а во иднина извештаите да се доставуваат за разгледување до надлежните институции навремено, односно веднаш по завршување на периодот за кој се однесуваат, имајќи предвид дека согласно член 10 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Агенцијата има обврска да го достави предметниот извештај до Владата, најдоцна до 31 мај наредната година).

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нуспроизводи од животинско потекло, како материјал за информирање.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 1 јануари 2021 година до 15 декември 2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на извештај за трошење на средства согласно Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на месечен извештај за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка, согласно Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија Бр.40-11328/1 од 9 ноември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје за периодот 1.7.2021-30.9.2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Известувањето на ЈП Стрежево-Битола за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај - ИЗПМ, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS-Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија-завршна информација, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии (со укажување финансиските средства за следните активности да се планираат во рамки на одобрените буџети на ресорните институции).

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.“

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, со Акциски план 2018-2020, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023, со Акциски план за имплементација на стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019-2023 (реализирано до 9.12.2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на подзаконските акти за оценка на влијанието врз животната средина и изготвување на интерсекторски упатства, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина" за периодот од февруари 2019 до ноември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за можните решенија за надминување на проблемот за сместување на времено и трајно одземена дрога и психотропни супстанции и прекурзори, оружје, муниција и експлозивен материјал, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен д-р Никола Тупанчески, министер за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерство за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерство за правда.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*), доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 40-8020/1 од 27 јули 2021 година.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го донесе Решението, со заклучок предлагачот да го усогласи истото со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за извршените активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, во периодот август 2021 година - јануари 2022 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за култура, Министерството за економија - Сектор за туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за надворешни работи да номинираат членови и заменици - членови за учество во работната група за организирање на Медитеранската конференција на ОБСЕ во 2022 година и Министерскиот совет на ОБСЕ во 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи активностите да се реализираат во рамките на расположливите средства во буџетот на Министерството за надворешни работи за 2022 година.

## Точка 90

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Миле Стојановски, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 91

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за надзор над функционалноста на АКМИС по судовите.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи “Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје” и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за ангажирање на меѓународно адвокатско друштво за застапување на Министерството за финансии во арбитражна постапка.

2. Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок да ги преземе потребните активности за ангажирање на меѓународно адвокатско друштво кое ќе го застапува Министерството за финансии во рамки на арбиртажната постапка поврзана со Договорот за градежни работи “Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје”.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје да номинираат претставници, како и навремено и ажурно да одговараат на сите побарани мислења и да ги обезбедат сите потребни податоци побарани од Министерството за финансии во рамките на арбитражната постапка.

4. Се укажува на Државното правобранителство на Република Северна Македонија да издаде овластување на избраното меѓународно адвокатско друштво за застапување на Министерството за финансии во рамките на арбитражната постапка.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**